OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на членот 38, точка 2 од Статутот на Охридска банка АД Скопје, Собранието на Охридска банка АД Скопје, на седницата одржана на 17.5.2018 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Годишниот извештај**
**за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2017 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2017 година.

2. Извештајот за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2017 година и писменото мислење по него, изготвено од страна на Надзорниот одбор, се составен дел на оваа Одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**СО бр. ___________**
**17.5.2018 г.**
**Скопје**

**Собрание на Охридска банка АД Скопје**
**Претседавач,**

____________________

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Кон Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2017 г.

Во согласност со членот 477, став 14 од Законот за трговски друштва (ЗТД), членот 93, став 9 од Законот за банки и Статутот на Банката, органот на управување има обврска по завршувањето на секоја деловна година да изготви извештај за работата на друштвото во претходната деловна година.

Содржината на годишниот извештај за работа на друштвото во претходната деловна година е определена со членот 384 став 7 од ЗТД.

Во годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, органот на управување има обврска објективно да ги презентира и да ги објасни главните фактори и околностите коишто влијаеле на определувањето на работењето, вклучувајќи ги и промените во опкружувањето во чиишто рамки друштвото дејствува, одговорот на друштвото на тие промени и нивното влијание, политиката на вложувања за одржување и за поддршка на успешноста во работењето на друштвото, изворите на средства, управувањето со ризиците, големите зделки и зделки со заинтересирана страна, активностите на истражување и развој.

Годишниот извештај за работењето на Банката се поднесува на одобрување до Надзорниот одбор и на разгледување и усвојување од Собранието на Банката заедно со писменото мислење по него, изготвено од Надзорниот одбор.